# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес за подобрување на ефикасноста во вршењето на работите и услугите од доделените концесии на минерални суровини во Република Македонија преку оценка на активностите кои се превземаат од страна на надлежните субјекти, откривање на причините и последиците за утврдените состојби.

Минералните суровини како добра од општ интерес во сопственост на Република Македонија, геолошките истражувања и експлоатација на минералните суровини заради оптимална искористеност бараат исполнување на определени услови со цел поттикнување и унапредување на дејноста, зајакнување на мерките на безбедност и заштита на животната средина.

Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со активноста.

Со ревизијата опфатени се повеќе ризични подрачја кои се определени кај следните области:

1. Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи од областа на минералните суровини.
2. Склучени договори за доделени концесија за експлоатација на минерални суровини.
3. Техничка, организациска и кадровска поставеност на Министерството за економија и ДИТИ за спроведување на Законот за минерални суровини.
4. Заштита на животната средина од потенцијални опасности и штетни влијанија при вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини.
5. Институционална и организациона поставеност на централната и локалната власт во однос на минералните суровини и
6. Надзор и контрола од повеќе аспекти значајни за областа – планирање на инспекцискиот надзор, надлежности, известување и соработка со МВР.



Ревизорски тим:
1. ________________
2.________________
3.________________

Овластен државен ревизор
____________________

Резултатите од ревизијата се презентирани во овој извештај на ДЗР. Со извештајот надлежните институциите ќе ги согледаат можностите за подобрување на ефикасноста од доделените концесии на минерални суровини во Република Македонија.

Исто така, презентирани се утврдените состојби и неправилности, и клучните фактори кои влијаат на ефикасноста од доделените концесии на минерални суровини и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат за преземање на мерки и активности за исполнување на обврските на концесионерите и надлежните органи во насока на подобрување на утврдените состојби со експлоатација на минералните суровини.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1. - Опфат и методологија од овој извештај.

Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2013 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР .

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања - од месец декември 2012 година до месец март 2013 година
- Вршење на ревизијата - месец март и април 2013 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Нацрт извештај од спроведена ревизија - месец мај 2013 година.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок, презентација, со раководството и одговорните лица на субјектите, одржан во просториите на Државниот завод за ревизија на ден 16.05.2013 година.
На Нацрт извештајот испратен до надлежните органи не се доставени забелешки до Државниот завод за ревизија, поради што истиот согласно Законот за државната ревизија е испратен во конечна форма.